Бр. 22-2-

# Д О Г О В О Р

## ЗА ОТВОРАЊЕ НА ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА

Склучен помеѓу:
**СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА застапувана од м-р Владимир Ефтимоски – Претседател на Управен одбор (во понатамошниот текст: Банка) од една страна и**

**2. со ЕДБС- и ЕМБС- застапувана од со ЕМБГ- (во натамошниот текст-учесник во платниот промет или имател на трансакциска сметка) од друга страна.**

**Член 1**

Предмет на овој Договор е регулирање на вољата на договорните страни Банката да отвори и води трансакциска сметка на имателот на сметка бр. **500** на имателот на сметка.

**Член 2**

Имателот на трансакциска сметка се обврзува да:

- сите плаќања и наплатувања во денари и тоа: уплата на готови пари, пренос на средства на трансакциска сметка на друг учесник во платниот промет и обратно и исплата на готови пари ги врши преку трансакциската сметка кај Банката во согласност со Законските прописи и актите на Банката;
- платните инструменти ги доставува во време и на начин определен според Утврдениот термински план за работа на Банката;
- ги пријави овластените лица за располагање со средствата на трансакциската сметка со потпис со кои се заверуваат инструментите на платниот промет;
- плаќа надомест и фактички трошоци на Банката за вршењето на работите во платниот промет, утврден со Извадок од тарифа на надоместоците на услугите што ги врши Банката кои се прикажани во( прилог 1) кој е составен дел на овој договор, важечки на денот на извршување на услугата како и нејзините идни измени и дополнувања кои ќе се објават на web. страната на банката или на огласна табла во просториите на банката или на "email" адреса на правното лице.
- Да доставува документација за ажурирање на податоците согласно интерните акти на Банката и законските прописи.
- даде овластување и безусловен налог на Банката за наплата на надоместоците и трошоците од претходната алинеја на товар на сметката во Банката.

**Член 3**

За сите статусни промени, имателот на сметката е должен да ја извести Банката во рок од три дена од денот на приемот на решението за упишаната статусна промена во надлежниот регистар.Исто така имателот се обврзува за секоја настаната промена на овластените лица за располагање на средствата на сметката веднаш да ја извести Банката и да достави соодветни документи за извршената промена.За евентуално настаната штета на имателот на сметката, заради ненавремено известување од страна на имателот, Банката нема да сноси одговорност.

**Член 4**

Плаќањата на товар на сметката на имателот на трансакциската сметка се извршуваат доколку на трансакциската сметка има средства.

Платни инструменти на товар на сметката на имателот на трансакциската сметка може да издадат:

- учесникот во платниот промет – имател на сметката;
- носителот на платен промет врз основа на договорни овластувања и решенија за присилна наплата
- носителот на платен промет за исправка на грешка направена од носител на платен промет, со исклучок на Трезорска сметка.

**Член 5**

Имателот на сметката располага со средствата на својата сметка со доставување на налог за плаќање кој мора да биде доставен на Банката во писмена форма или по електронски пат.

Имателот доставува налози во Банката исклучиво во пропишана содржина и форма согласно регулативата која се применува за денарските плаќања.

Друг облик на доставување на налозите може да се прифати во договор со Банката.

**Член 6**

Банката е должна да ги извршува налозите за плаќање на имателот на сметката и останатите учесници на платниот промет кои со закон се овластени да издаваат налози за плаќање до висината на покритието на сметката.

Налозите за плаќање на имателот на сметката и останатите овластени учесници во платниот промет од претходниот став се извршуваат согласно датумот на доспевање и редоследот на примање и пропишаните редоследи, а во согласност со одредбите на Законот за платен промет и др. прописи кои ја регулираат оваа материја.

**Член 7**

Банката ќе го врати налогот на имателот на сметката и останатите учесници во платниот промет, доколку налогот не е воспоставен согласно важечките прописи а на дополнително барање, наредниот ден од денот на поднесувањето, писмено ќе ги образложи причините за враќање на налогот.

**Член 8**

За секоја извршена промена на состојбата на сметката, Банката е должна да издаде соодветен извод со назначување на салдото и да го достави до имателот на сметката следниот работен ден. Изводот се издава во хартиен облик.Изводот може да биде издаден и во друг облик (технички носител) по барање на депонентот, но во договор со Банката.

Доколку имателот не го оспори примениот извод во рок од 3 (три) дена од денот на неговиот прием, ќе се смета дека изводот е одобрен од страна на имателот на сметката.

По неговото одобрување, договорните страни можат да го оспоруваат изводот на сметката поради правописни грешки, грешни пресметки, пропусти или дуплирања, но ова оспорување може да се превземе најдоцна во рок од една година од ликвидирањето на салдото и / или затворање на сметката, во спротивно правото гаси.

Изводите од сметката и другите документи поврзани со истата се даваат исклучиво на имателот на сметката или на ополномоштеното лице.

**Член 9**

Средствата на сметката на имателот на трансакциската сметка имаат третман на депозити по видување.

**Член 10**

Банката во вршењето на платниот промет за имателот на трансакциската сметка ќе обезбеди модерни, висококвалитетни и комплетни услуги преку:

- порамнување на платните инструменти на учесниците во платниот промет во текот на денот, а најмалку на крајот на денот;
- запознавање со правилата и процедурите за користење на услугите кои ги нуди на учесниците во платниот промет;
- сигурност и оперативна достапност;
- процедури за навремено завршување на обработката, во случај на технички проблеми;
- тајност на податоците за состојбата на трансакциската сметка;
- заштита на податоците за имателот на трансакциската сметка;
- сигурен и ефикасен пренос на средства меѓу учесниците во платниот промет;
- известување на учесникот во платниот промет за состојбата и промените на неговата трансакциска сметка;
- плаќање камата на средствата на сметката на имателот на трансакциската сметка по каматна стапка на депозитите по видување со пресметки и рокови утврдени со Одлуката на Банката за висината на каматните стапки.
- Наплата на надомест и фактички трошоци на Банката за вршењето на работите на платниот промет утврдени во Извадок од тарифа на надоместоците на услугите на Банката кои се прикажани во ( прилог 1) кој е составен дел на овој договор, важечки на денот на извршување на услугата како и нејзините идни измени и дополнувања.
- Да изврши интерно блокирање на сметката доколку не биде доставена документацијата за ажурирање на податоците во предвидените рокови.
- Банката се обврзува да врши обработка на личните податоци, вклучувајќи го и ЕМБГ, како и да ги користи личните податоци на Корисникот за потребите на работењето на начин предвиден со Закон и во согласност со ЗЗЛП, како и за промоција на своите производи и услуги , по претходно добиена писмена согласност од имателот на сметката.

**Член 11**

Банката ќе обезбеди заштита на личните податоци за имателот на сметката и овластените лица согласно законската регулатива.Личните податоци ќе се користат само за потребите на работењето со сметката, врз основа на согласност на субјектите и во случај и на начин предвиден со закон или друг пропис.

**Член 12**

Имателот на сметка ја овластува Банката да ја задолжува неговата денарска сметка за измирување на договорените доспеани а ненаплатени обврски кон Банката по сите основи.

**Член 13**

Затворањето на сметката на имателот на трансакциска сметка се врши по негово барање,врз основа на судско решение или налог на надлежен орган.

Сметката на учесник во платниот промет кој е неактивен субјект, чие бришење согласно со закон е објавено на веб страницата на Централен Регистар на Р.М., носителот на платен промет ја затвора и без негово писмено барање.

Сметката која нема салдо и промени во последните две години и не е блокирана, носителот на платниот промет е должен да ја затвори, за што задолжително го известува учесникот во платниот промет.

Сметката на имателот на сметката неможе да се затвори доколку на истата се евидентирани неизвршени налози и основи за наплати, а истите не се пренесени на правен следбеник.

Доколку Корисникот побара затворање на својата денарска сметка во Банката, треба претходно во целост да ги измири сите доспеани и недоспеани обврски спрема Банката по сите основи. Во спротивно, Банката нема да даде согласност за затворање на неговата сметка.

**Член 14**

Овој Договор се склучува на неопределено време.Истиот може да го раскине една од договорените страни со отказен рок од 30 (триесет) дена од денот на поднесеното писмено барање за затворање на сметка или доставено писмено известување.

Договорот може да се откаже по писмен пат, со отказен период од еден месец.

Договорот неможе да се откаже во случаите од член 13 став четири од овој Договор.

Банката може да го откаже договорот без отказен рок, доколку утврди дека имателот на сметката не ги почитува одредбите на овој договор и Законските прописи.

Во тој случај Банката ќе ги пренеси средствата на друга трансакциската сметка по известување на имателот на трансакциската сметка.

**Член15**

Договорните страни се согласни да ги решаваат разликите во мислењата, рекламациите и евентуално можните спорови кои можат да произлезат во текот на исполнувањето на овој Договор со заедничко меѓусебно договарање. Во спротивно, спорот ќе го решава стварно надлежниот суд.

**Член 16**

За се што не е предвидено со овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и одредбите од Законот за платниот промет.

**Член 17**

Овој Договор влегува во сила по негово потпишување од овластени претставници на договорните страни.

**Член 18**

Овој Договор е составен во два еднообразни примероци, од кои по еден за секоја договорна страна.

**За имателот на трансакциската сметка,**

**За Банката,**
**По овластување од Управен одбор**

___________________________

___________________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **Прилог 1** | |
| **Извадок од тарифа на надоместоците на услугите за правни лица на Стопанска банка а.д. Битола** | | | |
| | | | **13.10.2016 година** |
| Тарифна ставка | **Вид на услуга** | **Основа за пресметка** | **Висина на надоместокот** |
| **1** | **2** | **3** | **4** |
| **II** | **ПЛАТЕН ПРОМЕТ ВО ЗЕМЈАТА** | | |
| **1.** | **ГОТОВИНСКИ ПЛАТЕН ПРОМЕТ** | | |
| 1.1. | Уплата во готово | Износ | Без надомест до 12:00часот после 12:00 часот Ден. 20 |
| 1.2. | Уплати во готово од правни лица кои немаат ТРС во Банката | Износ | 0,5% минимум Ден.100 |
| 1.3. | Уплата во готово кон сметките на Стопанска банка а.д. Битола | Налог | Без надомест |
| 1.4. | Уплата во готово МКД кованици во износ над 1.000 денари | Износ | 1% |
| 1.5. | Исплата во готово | Износ | 0,35% минимум Ден.50 |
| 1.6. | Исплата во готово од наменски сметки на овластени менувачници | Износ | Без надоместок |
| **2.** | **БЕЗГОТОВИНСКИ ПЛАТЕН ПРОМЕТ** | | |
| **2.1.** | Безготовински плаќања во корист на други трансакциски сметки | | |
| | - во Банката | Налог | Ден. 20 за налози до 10.000 денари<br>Ден.30 за налози над 10.000 денари |
| | - кон комитенти кои немаат трансакциски сметки во Банката преку КИБС | Налог | Ден. 35 за налози до 10.000 денари<br>Ден.45 за налози над 10.000 денари |
| | - кон комитенти кои немаат трансакциски сметки во Банката преку МИПС | Налог до 12 часот<br>Налог после 12 часот | Ден. 230<br>Ден. 250 |
| **2.2.** | Безготовински плаќања во корист на други трансакциски сметки со користење на Е-банк сервисот | | |
| | - во Банката | Налог | Ден. 7 за налози до 10.000 денари<br>Ден.11 за налози над 10.000 денари |
| | - за комитенти кои немаат трансакциски сметки во Банката преку КИБС | Налог | Ден. 13 за налози до 10.000 денари<br>Ден.18 за налози над 10.000 денари |
| | - за комитенти кои немаат трансакциски сметки во Банката преку МИПС | Налог | Ден. 100 |
| **2.3.** | Обработка на налог ПП53 за плата | | |
| | -во банката<br>-преку КИБС<br>-преку МИПС | налог<br>налог<br>налог | Ден. 5<br>Ден. 15<br>Ден. 80 |
| **2.4.** | Обработка на налог ПП53 за плата со користење на Е-банк сервисот | | |
| | -во банката<br>-преку КИБС<br>-преку МИПС | налог<br>налог<br>налог | Ден. 4<br>Ден. 12<br>Ден. 60 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2.5.** | Водење на ТРС | | Без надоместок за наменски сметки на овластени менувачници |
| | Со промет 1-300.000,00 ден. | Сметка | Ден.150 месечно декурзивно |
| | Со промет 300.001,00-500.000,00 ден. | Сметка | Ден.300 месечно декурзивно |
| | Со промет 500.001,00-1.000.000,00 ден. | Сметка | Ден.400 месечно декурзивно |
| | Со промет 1.000.001,00-3.000.000,00 ден. | Сметка | Ден.600 месечно декурзивно |
| | Со промет над 3.000.000,00 ден. | Сметка | Ден.1.000 месечно декурзивно |
| **2.6.** | Водење на сметка за куќен совет | Сметка | Ден.100 месечно декурзивно |
| **2.7.** | Индиректни учесници во МИПС | | Ден.1.000,00 месечно декурзивно |
| **2.8.** | Сервисирање на наменска сметка за прилив по договори (ескроу сметка) | Договор | Ден.6.000,00 месечно антиципативно |
| **2.8.1.** | Провизија за СМС известување *Пакет А вклучува *извршена трансакција со картичка , износ и местото каде е извршена трансакцијата *истекување на рокот на картичката и каде истата може да се подигне *доспеана камата на депозит *доспеан неплатен долг по кредит *други пораки по Одлука на Банката | | Пакет А 50,00 ден. месечно |
| **2.9.** | Сервисирање на безбедна размена на податоци преку фајлови со Министерство за труд и социјална политика | Фајл | Ден.4.600,00 -задолжувањето ќе биде на крајот од секој месец |
| **3.** | **ОТВОРАЊЕ НА ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА** | | |
| 3.1. | Отворање на ТРС | Сметка | Без надоместок |
| 3.2. | Отворање на ТРС со итна пратка | Сметка | Ден.100 |
| **4.** | **ЗАТВОРАЊЕ НА ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА** | Сметка | Ден.1.000 |
| **5.** | **ЗАТВОРАЊЕ НА ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА ПО СИЛА НА ЗАКОН** | | Без надоместок |
| **6.** | **ДРУГИ РАБОТИ НА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ** | | |
| 6.1. | Испраќање извод по телефакс | Страна | Ден.100 |
| 6.2. | Користење исплати по документарни акредитиви | Долговен промет | 0.20% |
| 6.3. | Извршување на судски одлуки, задолжница и извршни решенија | Судска одлука, задолжница, решение или налог | Ден.1.200 + Ден.50 од главница<br>Ден.500 РДТ за физички лица |
| 6.3.1. | Извршување на налог од извршител | Налог | Ден.1.200 + Ден.50 од главница |
| 6.3.2. | Поднесено барање за извршување на задолжница | | Ден. 500 |
| 6.3.3. | Делумно извршување на решенија | Судска одлука, задолжница, решение или налог | Ден. 50 за секоја делумна наплата |
| 6.4. | Извршување на акцептен налог | | Ден.1000 |
| 6.5. | Издавање преглед за состојбата на сметката по денови-картица | Преглед | Ден.300 |
| 6.6. | Потврда за солвентност | Потврда | Ден.300 |
| 6.7. | Печатење на извод | Извод | Ден. 10 |
| 6.8. | Препис на извод од тековна година | Извод | Ден. 20 |
| 6.9. | Препис на извод од мината година по завршна сметка | Извод | Ден. 150 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6.10. | Препис на извод од затворена сметка | Извод | Ден. 500 |
| 6.11. | Препис на налог од тековна година | Налог | Ден. 150 |
| 6.12. | Препис на налог од минати година по завршна сметка | Налог | Ден. 500 |
| 6.13. | Пријава за блокада | Налог | Ден. 250 |
| 6.14. | Пријава за деблокада | Налог | Ден. 250 |
| 6.15. | Замена на оштетени банкноти (паричници) | Вредност на банкнотата | 10% мин. Ден. 10 по банкнота |
| 6.16. | Надомест за изгубен клуч од фах | Клуч | Ден. 200 |
| 6.17. | Траен налог за пренос на сопствена сметка во др. домашна банка | Налог | Ден. 20 |
| 6.18. | Издавање преглед за состојбата на сметката по денови-картица за месечен, тромесечен и годишен ДДВ обврзник по клиент-денарска и девизна сметка | Картица по клиент за сметки | Ден.150 -освен од сметки без промет и наменски сметки на овластени менувачници, без надоместок |
| 6.19. | Извештаи по барање на клиент | Извештај | Ден.200 по страница |
| 6.20. | Повлекување на налог од КИБС по барање на клиент | Износ по налог | Ден.100 |
| **7.** | **ЕЛЕКТРОНСКИ ДИГИТАЛНИ СЕРТИФИКАТИ** | | |
| 7.1. | Депоненти на Банката | | |
| | Сертификати на КИБС: | | |
| | Верба К2 на 2 години | Сертификат PKI токен | Ден. 3.190 |
| | Верба Про 2 на 2 години | Сертификат PKI токен | Ден. 3.390 |
| | Верба К2 на 3 години | Сертификат PKI токен | Ден. 3.920 |
| | Верба Про 2 на 3 години | Сертификат PKI токен | Ден. 5.710 |
| 7.2. | **Локална регистрациона канцеларија на КИБС за сите останати баратели на сертификат** | | |
| | Сертификати на КИБС: | | |
| | Верба К2 на 2 години | Сертификат PKI токен | Ден. 3.390 |
| | Верба Про 2 на 2 години | Сертификат PKI токен | Ден. 4.360 |
| | Верба К2 на 3 години | Сертификат PKI токен | Ден. 3.920 |
| | Верба Про 2 на 3 години | Сертификат PKI токен | Ден. 5.710 |
| | Обновен сертификат на КИБС: | | |
| | Верба К2 на 2 години | Сертификат PKI токен | Ден. 1.850 |
| | Верба Про 2 на 2 години | Сертификат PKI токен | Ден. 3.120 |
| | Верба К2 на 3 години | Сертификат PKI токен | Ден. 2.580 |
| | Верба Про 2 на 3 години | Сертификат PKI токен | Ден. 4.370 |
| 7.3. | Деблокада на сертификат | Сертификат PKI токен | Ден. 300 |